РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ---------------------------------------------------------------------------------------------------, на 45-тата седница одржана на 29.12.2020 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител – -------------------------------------------------------------------------------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5161/1 од 12.11.2019 година, во која се укажува на основи за сомневање за коруптивни дејствија при спроведување на јавна набавка за „Одржување на ПИС/ДМС, системска инфраструктура, персонални компјутери, печатарска опрема и набавка на резервни делови" од страна на Агенцијата за ------------------------------ број 11/2018.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-5161/1 од 12.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-5161/1 од 12.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ---------------------------------------------------------------------------.

Пријавата доставена до Државната комисија е насловена како претставка, а во неа подносителот се повикува на конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенцијата ------------------------------------ изготвен од страна на Државниот завод за ревизија и објавен на нивната веб страна во кој се констатирани сомневања за законитоста во работењето на Агенцијата, особено во делот на јавните набавки.

Во пријавата се укажува дека во тендерската документација по огласот за избор на најповолен понудувач за „Одржување на ПИС/ДМС, системска инфраструктура, персонални компјутери, печатарска опрема и набавка на резервни делови" (оглас на Агенцијата за ------------------------------------ број 11/2018, спроведен преку отворена постапка) воспоставени се минимум критериуми за утврдување на економската

состојба на економскиот оператор, што негативно влијаело врз бројот на економски оператори кои доставиле понуди за учество во постапката. Согласно наводите од пријавата, односно констатација од извештајот на Државниот завод за ревизија, еден од критериумите кој негативно влијаел на исходот од постапката е:„...годишен промет во висина од 10 милиони денари, последователно за три години, како и најмалку 10 вработени...“, односно станува збор за критериум кој е непропорционален бидејќи висината на критериумот е за околу 10 пати поголема од висината на јавната набавка и како резултат на тоа во предметната набавка се има јавено само еден економски оператор и на истиот му е доделен договорот за реализација на јавната набавка. Според подносителот, ова создава основи на сомневање дека критериумите за наведената јавна набавка се тенденциозно поставени со цел фаворизирање на еден економски оператор, отстранувајќи ја конкурентноста и економичноста на постапката.

По извршениот увид во предметниот Конечен извештај на овластениот државен ревизор, како и во наведената тендерска документација, а заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија за спречување на корупцијата со барање број 12-2517/1 од 23.07.2020 година се обрати до Комисијата за заштита на конкуренцијата во рамките на законските надлежности да даде стручно мислење дали вака поставените критериуми за утврдување на способност од постапката за доделување на договор за јавна набавка за „Одржување на ПИС/ДМС, системска инфраструктура, персонални компјутери, печатарска опрема и набавка на резервни делови“, објавени по оглас за јавна набавка 11/2018 од страна на Агенцијата за -------------------------------- ја ограничуваат конкуренцијата на пазарот.

Комисијата за заштита на конкуренцијата во законски предвидениот рок достави одговор на барањето број 12-2517/2 од 10.08.2020 година со кој известува дека со оглед на специфичноста на предметното барање, како и потребата од комуникација со договорниот орган заради дополнителни појаснувања постапувањето по барањето на Државната комисија е во тек и навремено ќе извести за истото.

Од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е Мислење број 12-2517/3 од 05.11.2020 година дека условите „да остварил 10.000.000,00 денари вкупен годишен приход во последните три години (за секоја година поединечно) како и најмалку 10 вработени или ангажирани лица со високо образование од областа на информатичките технологии..“ за докажување на минимум економска и финансиска и минимум техничка и професионална состојба на економскиот оператор за дел 1 (Одржување на ПИС/ДМС, системска инфраструктура и набавка на резервни делови) и од набавката со отворена постапка бр.11/2018 (Одржување на ПИС/ДМС, системска инфраструктура, персонални компјутери, печатарска опрема и набавка на резервни делови) на Агенцијата ------------------------------------ **не ја ограничуваат конкуренцијата односно истите немаат влијание врз конкуренцијата на пазарот**.“

Во образложението на своето мислење, помеѓу останатото, Комисијата за заштита на конкуренцијата наведува дека Агенцијата ---------------------------------------------- до Комисијата доставила објаснување дека истата пред да ги дефинира спорните минимални критериуми извршила анализа на пазарот и утврдила дека постојат најмалку 10 (десет) економски субјекти/претпријатија кои ги исполнуваат дефинираните критериуми и како доказ доставила листа на анкетирани претпријатија со наведување на називот и контакт со истите.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што наводите во пријавата не се потврдени.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: Б.И, Претседател на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**